# КАРПОШ

# неделен Е - БИЛТЕН





**ОПШТИНА КАРПОШ · НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
19 - 25 Февруари 2018 година Број: 295

# ПАТОКАЗ КОН ИДНАТА ПРОФЕСИЈА

Општина Карпош ќе биде една од четирите општини во кои ќе започне да се спроведува проектот за насочување на младите, популарен како Job Shadowing.

По тој повод, градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев, се сретна со претставници од Секторот млади при Агенција за млади и спорт и во едночасовен разговор ги прецизираа појдовните чекори околу приклучувањето во овој иновативен и корисен проект.

Со него е предвидено младите од средните училишта, во текот на летниот период, да добијат шанса за пракса, која натаму ќе им помогне да направат полесен избор при продолжување со високото образование.
Годинава ќе започнат обуките за младите и активности за промоција на проектот, а од 2019 почнува неговата реализација.

Градоначалникот Богоев, во изминатиот период работеше на зголемена афирмација на политиките за млади и намалување на невработеноста кај младата популација.

Ова е еден од проектите кои ќе ги направи младите да бидат поконкурентни на пазарот на трудот и ќе стекнат најразлични практични вештини.

Ваквата младинска политика подразбира соработка и со приватниот сектор, како и со институции, при што соработници се Агенцијата за млади и спорт, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална и политика и Агенцијата за вработување.



# ПЕТ ПРИСТАПНИ РАМПИ ВО ООУ„Х.Т.КАРПОШ”

Општина Карпош почна со изградба на пет пристапни рампи за лица со посебни потреби во основното училиште „Христијан Тодоровски Карпош'' во населбата Карпош 1. Четири пристапни рампи ќе бидат поставени на влезовите, а петата во внатрешниот дел во училиштето.



# ПОВЕЌЕ ГРАДБИ НА ПЕРИФЕРИЈАТА, НЕ ВО „ЈАДРОТО“ НА КАРПОШ



Во просториите на Општина Карпош се одржа втората седница на Комисија за урбанизам на која се разговараше за актуелните состојби во врска со урбанистичкото планирање во Карпош.

Планската урбанизација подразбира „ослободување“ на урбаното јадро од нови градби и нивно пренесување во периферните делови на Општината, како Бардовци и Злокуќани, со намера да се обезбеди рамномерен развој на сите урбани заедници.

Инаку, Општина Карпош формираше Комисија за урбанизам, составена од внатрешни и надворешни членови, а врз основа на член 23 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, во која се вклучија експерти од сферата на урбанизмот и просторното планирање со цел да се обезбеди планска урбанизација на Општината. За членови на Комисијата за урбанизам се именувани: Владимир Кироски (внатрешен член), Зорица Китанова (внатрешен член), проф.д-р Влатко Коробар (надворешен член), Дејан Диневски (надворешен член) и Андријана Андреева (надворешен член).

Комисијата има свои надлежности согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање и тоа да ја изработува планската програма за Деталните урбанистички планови, да дава стручно мислење на предлог урбанистичките планови, како и да доставува предлог до Градоначалникот за одобрување или неприфаќање на планска програма за изработка на урбанистичко – планска документација. Освен тоа, таа ќе спроведува јавна презентација и јавни анкети при одобрување на локална урбанистичко – планска документација, ќе дава мислење за технички исправки на урбанистичките планови и други надлежности, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

## ЗАПОЗНАЈ ЈА ПРОФЕСИЈАТА НА РОДИТЕЛИТЕ



Во програмските активности на градинката „ Орце Николов“, дечињата од оваа детска установа, присуствуваа на презентација за прва помош. Акцијата „ Родителски професии“, овој пат продолжи со запознавање на најмалите карпошани со најхуманата професија. Тимот за спасување на планина при Црвениот крст на Град Скопје преку показни вежби , им демонстрираше на дечињата како се укажува прва помош.

## ЗА ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ НА КАРПОШАНИ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев придружуван од претседателот на Советот на Општина Карпош, Андреј Манолев и советникот Филип Даскаловски денеска ја оствари првата раотна средба со новиот командир на Полициската станица Карпош, Владо Симјановски.

На средбата меѓу градоначалникот Богоев и командирот Симјановски се разговараше за зголемување на безбедноста на граѓаните во Карпош, при што беа истакнати повеќе клучни точки или делови од Општината каде што е потребно зголемено присуство на полицијата, како и координирани акции со општинските инспектори и комунални редари.

Како една од првите критични локации е посочен Кејот на реката Вардар. Станува збор за мостот "Газела", каде што честопати се создава депонија (т.н. сметлиште) од страна на локалното население.

За да се обезбеди поголема контрола на овој потег кој најчесто се злоупотребува за фрлање отпад, во фаза на договарање е координирана акција меѓу Општината и Полициската станица Карпош, во која ќе бидат санкционирани сите оние кои го загадуваат потегот долж реката Вардар.

Исто така, Богоев напомена дека мора да се врати редот околу градилиштата во Општината.

- Инспекторите на Општината се често на терен и го спроведуваат законот, но ставот на Општина Карпош е дека е потребна асистенција и на сообраќајната полиција, и тоа присуство на барем две патроли, една која би ги контролирала градежните активности во Тафталиџе и на ул. "Прашка", и втора на крајот на бул. "Илинден", со цел да се справат и да го спречат загадувањето кое се прави од градежната механизација, рече Богоев.
Освен тоа, на пролет и во летниот период од годината, забележително е нарушувањето на јавниот ред и мир во повеќе населби во Карпош. За оваа цел, Општината предвидува да ангажира лица кои во одреден период од денот ќе ги чуваат игралиштата, платоата, плоштадите и скверовите во Карпош, со што ќе се обезбеди поголема безбедност на овие места. Овие патроли ќе овозможат и зачувување на урбаната опрема која често пати се оштетува од страна на несовесни посетители.
Командирот Симјановски посочи дека Полициската станица е подготвена да помогне во обуката на патролите, нивна едукација и поддршка.
Полициската станица Карпош е во процес на зголемување на своите капацитети од сите аспекти. Покрај соодветната опрема, ќе се ангажираат и дополнителни полицајци кои ќе обезбедуваат почитување на законите и зголемена безбедност на карпошани.



# НЕМА ДРУГА АЛТЕРНАТИВА ОСВЕН СЛОБОДАТА



Општина Карпош и Сојузот на борците на Македонија, одбележаа 74 години од смртта на народниот херој, еден од главните организатори на антифашистичкото движење, Кузман Јосифоски – Питу.

Во присуство на членови на фамилијата на Кузман Јосифоски – Питу, борци од Народно ослободителната борба (НОБ), советници, како и заинтересирани граѓани и организации, се одржа пригодна програма пред спомен обележјето, во населбата Козле.

Градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев ја истакна важноста на улогата на Кузман Јосифоски во антифашистичкиот период и неговиот придонес во народно – ослободителна борба.

- Како упорен борец за создавање на македонската држава, Кузман Јосифоски Питу е длабоко врежан во светлата страна од македонската историја.

Наша обврска е да го негуваме споменот на еден од главните организатори на антифашистичкото движење и на Народно ослободителната борба во Македонија, рече Богоев.

Градоначалникот Богоев се осврна и на фактот дека постои вистинска потреба од драстично подобрување на односот кон Сојузот на борци на Македонија. Во изминатиот период, Сојузот беше предмет на омаловажување и непочитување од страна на државните институции и власти.

Општина Карпош ќе биде вистински партнер и поддршка на СБМ, и само така ќе покажеме почит и вреднување на нашето минато, говореше Богоев.

Свое обраќање имаше и проф. д-р Трајко Стаматовски, претседателот на Градскиот одбор на СБМ – Скопје.

Стаматовски говореше за раниот живот на Кузман, истакнувајќи дека тој беше најсветлата ѕвезда на македонското револуционерно небо.

Присутните имаа можност да слушнат за студентските денови на Питу кој бил голем интелектуалец, а жарот за слобода и неговата предаденост на идејата за подобар живот на македонскиот народ ја покажувал и низ факултетските аули.

Во насока на негување на споменот и сеќавање на Кузман Јосифоски, се одржаа и литературни читања од ученици од основното училиште “Владо Тасевски” од Карпош. Главен мотив беше делото и мисијата на Кузман, како и на борците кои биле дел од НОБ.

Општина Карпош и во претстојниот период ќе продолжи да ги чествува важните датуми од нашето минато и вредностите како слободата, еднаквоста и солидарноста, кои се основа на секое демократско општество.

Низ призмата на овие вредности, работиме на обезбедување на достоинствен живот и економски напредок за сите граѓани на Општина Карпош.



